РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-172/2
19.06. 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,17/11 и 51/11), Одборот за акредитација и евалуација на 10. седница одржана на 30.05.2012 година, донесе

Universiteti i Evropës Juglindore - Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar Примено Received | 22.06.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. Орг. Един. Org. unit | Numër Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 674 | 2 | / |

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на Елаборат за усогласување на студиска програма од првиот циклус универзитетски студии за Германски јазик и литература на Факултетот за јазици, култури и комуникација на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитира студиска програма од првиот циклус универзитетски студии **за Германски јазик и литература на Факултетот за јазици, култури и комуникација на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за првиот циклус универзитетски студии**,** во траење од три години ( шест семестри).

3. По завршените студии на првиот циклус, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со научниот степен: **Дипломиран на факултетот за јазици, култури и комуникација – германски јазик и литература:** научно-истражувачко подрачје : Хуманистички науки, научноистражувачко поле:604 Наука за јазикот, 612 Наука за книжевноста, научноистражувачка област: 64005 Германистика.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за јазици, култури и комуникација на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, по претходно донесената одлука на наставно научниот совет за давање согласност за организирање на прв циклус универзитетски студии, како и Одлуката за усвојување на студиските програми по германски јазик и литература од Сенатот на Унивезитетот на Југоисточна Европа во Тетово, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.14-172/1 од

04.04.2012 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за прифаќање и акредитација на новата студиска програма од првиот циклус.

Одборот за акредитација на . седница одржана на 26.04.2012 горина, формира експертска комисија и на 10. седница одржана на 30.05.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**